Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

Извадок на ден од дневни настани 24.03.2023

На 23.03.2023 во 15.50 часот, полициски службеници од криминалистичката полиција – Отсек за недозволена трговија со дрога и оружје при СВР Охрид, со наредба од Основен суд Охрид, извршиле претрес во дом и други помошни простории на А.М.(51) од Охрид. При претресот била пронајдена и одземена муниција, која неовластено ја поседувал. Со лицето бил извршен службен разговор во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.03.2023 во Битола, полициски службеници од СВР Битола, врз основа на судска наредба, го лишиле од слобода А.А.(35) од Битола за издржување затворска казна. Лицето било спроведено во Казнено-поправната установа Затвор Битола за издржување на казната.

На 23.03.2023 на автобуска постојка на бул.„Кузман Јосифовски Питу", полициски службеници од Одделението за криминалистичката полиција при ЕВР Центар и Бит Пазар го лишиле од слобода Р.А.(43) од Скопје. Тој бил фатен при извршување уебна кражба, при што од јакната на В.Л.(76) од Чучер Сандево, скопско, одзел мобилен телефон. Исто така, тој бил баран и поради сомнение за извршени уште две уебни кражби на подрачјето на Скопје. Лицето било задржано во полициска станица и со него бил извршен службен разговор. По целосно документирање на случајте против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.03.20223 околу 09.00 часот, полициски службеници од Полициската станица Штип ја лишиле од слобода С.Ш.(56) од Штип, поради сомнение дека во менувачница во Штип се обидела да размени фалсификувана банкнота од 100 евра. Банкнотата била одземена за понатамошна постапка. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.03.2023 во 19.45 часот на подрачје на Карпош, полициски службеници од СВР Скопје ги лишиле од слобода Д.Д.(37) од Свети Николе и А.Р.(31) од Скопје, затоа што кај Д.Д. била пронајдена и одземена прашката материја. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 23.03.2023 во 21.30 часот на подрачје на Гази Баба, полициски службеници го лишиле од слобода А.Б.(28) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 24.03.2023 во 00.30 часот на подрачје на Кисела Вода, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода С.А.(19) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 23.03.2023 во 13.40 во СВР Битола, Б.И.(30) од с.Канатларци, прилепско, пријавил дека при изведување на градежни работи во неговиот двор во с.Канатларци пронашол 50 рачни бомби од италијанско производство кои потекнуваат од Првата светска војна. Од овластено лице од Дирекцијата за заштита и спасување бомбите биле подигнати бомбите.

Во текот на вчерашниот ден (23.03.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 246 возачи. Од нив девет возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а четири возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа, 114 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 132 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (23.03.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 178 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 49 санкции, 13 мерки за возење без возачка дозвола, три санкции за технички неисправни возила во јавниот превоз. Изречени се овој ден 3 мерки за користење мобилен телефон при возење, 13 санкции за непрописно пречиструјување на возила, шест мерки за вградени неатестирани фолии (затемнети стакла), три санкции за недавање првенство на минување на пешаци...

На 23.03.2023 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 15 прекршоци, од кои 11 во населено место и 4 надвор од населено место. Санкционирани биле и 25 други видови на прекршоци, од кои 11 за управување возило без возачка дозвола, 2 за нерегистрирано возило, 1 за возач почетник, 3 за непочитување првенство на минување, 4 за некористење сигурносен појас, 2 за користење мобилен телефон и 2 за непрописно паркирање.

На 23.03.2023 во периодот од 07.00 до 12.00 часот на поширокото полошко подрачје спроведена е сообраќајна акциска контрола за прекршоци што ги чинат возачите во зона на крстосници, во која вкупно се откриени и санкционирани 37 вакви прекршоци (ТЕ-35 и ГВ-2). Најголемиот број од нив (13) биле за непочитување на светлосна сигнализација на крстосници (ТЕ), 10 (ТЕ) за престигнување преку крстосница, 4 за недавање предност на минување (ТЕ-2 и ГВ-2) итн. Санкционирани, исто така, се и 19 други видови (ТЕ-13 и ГВ-6).
На 23.03.2023 во Полициската станица Прилеп било пријавено дека на крстосница од ул.„Прилепски бранители" со ул.„Партизанска" се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „опел", управувано од О.И.(68) од Прилеп и мотоцикл „кавасаки", управуван од А.К.(37) од Прилеп, и двете со приморски регистрациски ознаки. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот на мотоциклот констатирани во Општа болница Прилеп. Увид извршила увидна екипа на ОВР Прилеп.

На 23.03.2023 околу 15.20 часот во СВР Велес било пријавено дека на автопатот А1 во правец Велес-Градско, патничко возило „пежо" со скопски регистрациски ознаки, управувано од Б.Д.(36) од Скопје, излетало од патот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот Б.Д., констатирани во Општата болница Велес. По овластување на јавен обвинител увид извршила увидна екипа од СВР Велес.

На 23.03.2023 во ОВР Неготино, Ј.М.(38) од неготинско село пријавила дека на ул.„Киро Крстев" во Неготино била каснат од куче скитник.

На 23.03.2023 во 12.50 часот во СВР Тетово, А.М.(41) од Тетово пријавил дека на улица „Илинденска" бил каснат од куче скитник.

На 23.03.2023 во 09.40 часот, Л.С.(42) од тетовско Горно Седларце во СВР Тетово пријавил дека покрај магистралниот пат Гостивар-Кичево, каде извршувал работни задачи, бил каснат од куче скитник.

На 23.03.2023 во периодот од 11.30 часот до 15.00 часот на повеќе локации во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово во содејство и координација со претставници на Центарот за социјална работа спровеле активност за справување со питачење како незаконска појава. Во акцијата откриени и со соодветни поднесоци биле санкционирани четири женски и едно машко лице од Тетово и Скопје. Три од женските лица биле со малолетни деца.

Денеска (24.03.2023), полициски службеници од СВР Струмица, со наредба од Основен суд Струмица, извршиле претрес во дом и други простории кај Н.А.(34) од Струмица. При претресот била пронајдена и одземена марихуана. За настанот бил известен јавен обвинител, а по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.03.2023 околу 13.20 часот на улица „Цветан Димов" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово го привеле И.С.(34) од Република Албанија, поради сомнение дека го злоупотребил туристичкиот престој на подрачјето. Тој бил задржан во Полициската станица Тетово за натамошна постапка.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против Е.П.(51) од Струга поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 19.10.2022 во Струга, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавената, при што пронашле и одземле кокаин.

На 23.03.2023, полициски службеници од СВР Штип и од Полициската станица Штип, во содејство со Шумска полиција Штип и Шумско стопанство „Серта Штип", по прегледи мерки и активности, во с.Почивало, штипско, пронашле седум кубни метри огревно дабово дрво без документација, сопственост на Ј.С.. Дрвата биле одземени и предадени на Шумско стопанство „Серта Штип", а по целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против С.Н.(44) од струшкото село Велешта, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „разбојништво". Тој, на 12.02.2023 во 03.30 часот пред казино на улица „15 Корпус" во Струга физички го нападнал Е.В.(38) од Кавадарци и му одзел пари.

На 23.03.2023 во 17.15 часот, при контрола извршена во месноста „Шумски Ревир" во атарот на кичевското село Грешница, полициските службеници затекнале патничко возило „нисан теранго" без регистрациски таблички, управувано од А.А.(21) од истото село. Притоа, констатирале дека тој неовластено е без соодветна документација превезува огревно дрво. Дрвата се одземени и предадени на Шумската полиција за натамошна постапка. По целосно документирање на настанот, ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 24.03.2023 околу 01.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека на регионалниот пат Скопје – Тетово, кај бензинска пумпа во с.Арнакија, скопско, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „пежо" со скопски регистрациски ознаки, управувано од 14-годишник од Скопје и патничко возило „рено" со тетовски регистрациски ознаки, управувано од А.С.(19) од Скопје, кој го напуштил местото на несреќата. Притоа, со тешки телесни повреди се здобиле возачот на возилото „пежо" и неговиот 14-годишен сопатник, констатирани во Комплекс клиники „Мајка Тереза", додека уште еден 14-годишен сопатник се здобил со телесни повреди, констатирани во Градската општа болница „8 Септември". За настанот бил известен Јавен обвинител, а увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против Б.С.(60) од струшко село, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „телесна повреда при семејно насилство". Тој, на 13.03.20223 во семејниот дом во селото, започнал вербална расправија со неговата ќерка, по што ја нападнал со дрвен предмет.

На 23.03.2023 во 14.30 часот во Полициската станица Карпош, М.Д.(46) од Скопје пријавил дека на 22.03.2023 околу 10.30 часот во приватно основно училиште во Скопје неговата малолетна ќерка била физички нападната од нејзина наставничка, која употребила и тврд предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.03.2023 во 14.10 часот во Полициската станица Драчево, П.Б.(79) од Скопје пријавил дека на ул.„Живко Фирфов" во Драчево бил каснат од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Дебар поднесе кривична пријава против Ш.П.(50) од село Новак, општина Центар Жупа, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „пустошење на шуми". Во текот на март 2023 на место викано „Амати", атар на село Житинани, пријавениот исекол 68 стебла дабово дрво сопственост на две лица од село Папрадник, причинувајќи штета од 52.500 денари.

На 23.03.2023 во 20.25 часот во Полициската станица Карпош, И.К.(20) од Скопје пријавила дека околу 17.50 часот во близина на маркет на подрачје на Карпош, по претходна расправија, била физички нападната од едно машко лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.03.2023 во СВР Битола било пријавено дека на ул.„23" во Битола настанал пожар на ојак на куќа, сопственост на Т.Т. од Битола. Пожарот бил изгаснат од екипа на Територијалната противпожарна единица Битола, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

На 23.03.2023 во 21.10 часот во Полициското одделение Сарај, С.Ф.(43) од с.Долно Свиларе, скопско, пријавил дека околу 15.30 часот во с.Долно Свиларе, по претходна расправија, бил физички нападнат од Ѓ.М. од с.Долно Свиларе, кој употребил и тврд предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.03.2023 во 20.39 часот во СВР Скопје било пријавено дека во аптека на ул.„Коце Металец" едно лице со закана кон вработениот одзело пари од дневниот промет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.03.2023 во 13.00 часот, Њ.Д.(39) од Струга во полициска станица пријавила дека во струшката населба „Питишта" била касната од куче скитник.

На 23.03.2023 во СВР Скопје било пријавено дека околу 09.50 часот во спортска обложувалница на ул.„Ќемал Сејфула" едно лице со закана кон вработениот одзело пари од дневниот промет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.